Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр.02-1486/5
01-09-2020 год.
Скопје

Врз основа на член 120 од Законот за високо образование на РМ (Сл. Весник на РМ бр. 82/18), член 75 од Статутот на Филозофскиот факултет во Скопје (Универзитетски гласник бр. 463 од 18. X 2019 год.), а во врска со член 9 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на РСМ бр. 101/2019), Деканатската управа на својата L редовна седница, одржана на 1.9. 2020 година, донесе

# ОДЛУКА

**за утврдување листа на информации од јавен карактер од надлежност на Филозофскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје**

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува листата на информации од јавен карактер, кои ги создал и со кои располага Филозофскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во остварувањето на своите надлежности утврдени со закон.

Во Листа на информации од јавен карактер спаѓаат:

- Актите на органите на Филозофскиот факултет во Скопје, (донесени од Наставно-научниот совет, Деканатската управа и Деканот на Факултетот);
- Годишниот извештај на Деканот;
- Веб-домените (www.fzf.ukim.edu.mk);
- Ценовникот на услуги за студентите;
- Студиските и предметните програми (објавени во публикација-прирачник);
- Решенијата за прием на студенти (конечни ранг-листи) по конкурси за запишување студенти за последните 5 години;
- Научно-истражувачките проекти на Факултетот;
- Меѓународна соработка (договори, размена на студенти, гостувања);
- Огласи за јавни набавки и
- Рецензии за избори во звања, за магистерски тези, докторски дисерертации, учебници и учебни помагала.
- други акти, согласно закон.

Член 2

Заштитени од правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, се сите лични податоци на вработените и студентите на Факултетот, (согласно Законот за заштита на личните податоци), податоците од тековното материјално-финансиско работење по сите основи и сите информации утврдени во 6 од Законот за слободен пристап

до информации од јавен карактер, како исклучок од слободен пристап до информации.

Член 3

Листата на информации од јавен карактер, односно оваа Одлука се објавува на веб-страницата на Филозофскиот факултет во Скопје.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Член 5

Примерок од оваа Одлука да се достави на: деканот, службеното лице за посредување со информации, секретарот, стручните служби, лицето задолжено за уредување на веб-страницата и архивата на Факултетот.

ДЕКАН
на Филозофскиот факултет

проф.д-р Ратко Дуев

Универзитет Св. Кирил и Методиј Скопје
Република Северна Македонија
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ

Изработил: А. Иванова